**20261281849**

## АД МЕПСО

Врз основа на член 127 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје на 80-та седница со Одлука УО бр.02-3612/2 од 11.06.2026 година, по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија согласно Одлуката бр.12-912/5 од 10.06.2026 година, донесе

## ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА БАЛАНСНА ЕНЕРГИЈА*

Член 1

Во Правилата за пазар на балансна енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 92/26) во членот 3 во ставот 1  по точката ѓ) , точката на крајот на реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка е) која  гласи:

“(е) придонесување за ефикасно долгорочно работење и развој на системот за пренос на електрична енергија и електроенергетскиот сектор во Унијата, истовремено олеснувајќи го ефикасното и усогласено функционирање на пазарите за денот однапред, во тековниот ден и балансните пазари.”

Член 2

Во членот 4 во ставот 1 зборовите „е дадена во прилот 1 од овие правила и е составен дел на овие правила” се бришат. По првата реченица се додава нова реченица која гласи:

„Во исклучителни случаи кога рокот не може да се исполни поради околности на кои не можат да влијаат операторите на преносни системи (TSOs), роковите за донесување на услови и методологии може да бидат продолжени заеднички од сите надлежни регулаторни органи во постапките согласно член 5 став 3 од овие правила и од надлежниот регулаторен орган во постапки согласно член 5 став 4 од овие правила.

Во ставот 2 по зборовите „во согласност со ’’се додаваат зборовите „член 5 став 3. и 4од овие правила’’

Во ставот (3) точка (b), во втората реченица зборовите „став од 4 точка (а) и (б) од овој член“ се бришат.

Член 3

Во членот 5 став 3 во првата реченица по зборовите засегнатиот регион точката се заменува со „:” и се додаваат точките а),б), в), г), д) , ѓ) , е) кои гласат:

“а) за географската област што опфаќа два или повеќе оператори на преносен систем (TSO) кои разменуваат или имаат заемна намера да разменуваат капацитет за балансирање, воспоставување на заеднички и усогласени правила и постапки за размена и набавка на капацитет за балансирање согласно член 33 став 1 од овие правила;

“б) за географската област што ги опфаќа ОПС кои разменуваат балансен капацитет, методологијата за пресметување на веројатноста за достапен меѓузонски капацитет по времето на затворање на меѓузонското тргување на пазарот во тековниот ден во согласност со член 33  став 6 од овие правила;

“в) иземањето, за географската област во која се случила набавката на балансен капацитет, за неовластување на давателите на услуги за балансирање да ги пренесат своите обврски за обезбедување балансен капацитет во согласност со член 34 став 1 од овие правила;

“г) примена на моделот ОПС-БСП, во географска област што опфаќа два или повеќе ОПС, во согласност со член 35 став 1 од овие правила;

“д) методологијата за пресметка на меѓузонскиот капацитет за секој регион за пресметка на капацитет во согласност со член 37 став 3 од овие правила ;

“ѓ) во географска област што опфаќа два или повеќе ОПС, примената на процесот на распределба на меѓузонскиот капацитет за размена на балансен капацитет или споделување резерви во согласност со член 38 став 1 од овие правила.и

“е) за географската област што опфаќа два или повеќе ОПС кои разменуваат балансен капацитет, начелата за алгоритми за балансирање во согласност со член 58 став 1 од овие правила.

Втората реченица се брише.

Во ставот 8 кратенката „ОПС'' се заменува со кратенката „ОЕПС''.

Член 4

Во член 54 во ставовите 3 точки (а), (б) и (е), 5, и 6 точки (а) и (б) зборовите „страна одговорна за баланс'' се заменуваат со зборовите „балансно одговорна страна''.

Член 5

Овие правила влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавување во„Службен весник на Република Северна Македонија'', а ќе отпочнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Правилата за пазар на балансна енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 92/26).

АД МЕПСО

2026 година
Скопје

Генерален директор,
**доц.д-р Бурим Латифи,** с.р.